# игра на табла
# како да се избегнат ризиците и да се справите со нив




## инструкции и решенија

### Друштвена игра - како да се избегнат ризиците и како да се справиме со истите.

„Да постигнеш" е резултат на „да се осмелиш"

Животот без ризици е незамислив. Особено младите честопати трагаат по ризици и одат до крајните граници. Луѓето кои пробуваат нови работи треба да научат да ги евалуираат ризиците и да постапуваат со внимание. Веројатноста за неуспех се зголемува со донесувањето на високо ризични одлуки. Сепак, клучното прашање е ако утврдите ризици и опасности кога се стремите кон одредена цел, проценете ги правилно и преземете соодветни мерки со цел да се справите со нив. Оваа игра се однесува на различни ризици и опасности, со кои учесниците можат да се сретнат во текот на нивниот живот.

Играта се игра на различни нивоа:

- **Ниво I (за лица до 12 години):** Учесниците треба да ги идентификуваат ризиците и да размислат како да ги избегнат или барем минимизираат.



- **Ниво II** (за лица со познавање на осигурителниот сектор): Учесниците треба да истакнат како може да се осигураат себе си од можните ризици (на пр. со префрлање на товарот на ризикот склучувајќи договор за осигурување).



Суштинска точка во двете нивоа е да разговара за ситуацијата и вклучените ризици со цел да се разменат перспективите и искуствата. Младите треба да се поттикнуваат да пробуваат нови работи, но истовремено да ги знаат можните ризици, да научат како да се справат со нив и со тоа да ги надминат.



### Која е разликата помеѓу опасност и ризик?

Колоквијално, двата зборови се користат како синоними, но постојат разлики:

- **Опасноста** опишува состојба која може да има штетно дејство. Меѓу другото, тоа е опасност од лавина, смрзнати патишта, детергенти во кујната или неплатена сметка на корисник или пожар.

- **Ризик** е веројатноста опасноста реално да се случи, помножена со можниот обем на загуба. Можете да научите да се справувате со ризиците. Целта на играта е да се научи и искуси контролирано справување со ризиците.

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **РИЗИК** | = | веројатност да се случи загуба | x | можниот обем на штетата |

**Што претставува оценка на ризикот?**

Ризикот може да биде висок (да биде доведен во прашање вашиот живот или преживување), мал или занемарлив. Ние се соочуваме со ризици секојдневно - и ги оценуваме на еден или друг начин. Ова може да се случува свесно или потсвесно (пр. кога одлучуваме да ја поминеме улицата).

Најважни точки се:

- да се идентификуваат ризиците 
- да може истите да се проценат и евалуираат 
- да се отстранат ризиците со преземање заштитни мерки 

Идентификувањето и проценувањето на ризиците се клучни точки со кои се идентификува дали и во кои услови може да се појават ризици. Спремноста на луѓето да преземаат ризици е тесно поврзано со начинот на кој ја гледаме опасноста и начинот на кој ја оценуваме. Затоа, со цел проценката на ризикот треба да биде ефективна, мораме да научиме да согледуваме различни перспективи и да ги користиме искуствата на другите.

## Како можеме да се справиме со ризиците?
## Како може ризиците да се избегнат или намалат?

**4 чекор** - Преземете го самите преостанатиот ризик

**3 чекор** - Заштитете се од ризиците - склучете договор за осигурување

**2 чекор** - Избегнете ги и ограничете ги ризиците со спречување на опасноста / ограничување на загубата

**1 чекор** - Избегнете ги ризиците - целосно или делумно откажете се од целите кои сте ги поставиле

Поимот „управување со ризици" го поддржува постигнувањето на целите кои сме ги поставиле, преку мерки со кои се избегнуваат можните ризици или соодветно се намалуваат. Мерките за заштита може да се разгледаат во четири чекори:

**Избегнете ги ризиците - чекор 1**

Луѓето кои размислуваат како да ги избегнат ризиците, целосно или делумно го намалуваат обемот на нивните постапки, кои носат ризици.

**Намалување на ризиците - чекор 2**

Намалувањето значи преземање мерки за избегнување на опасностите и соодветно ограничување на штетата. На овој начин, на пример внимателното возење може да ја намали веројатноста од незгода на лизгав пат; опсегот на штетата може да се ограничи со носење на добра облека за мотоциклисти или со двете мерки. На овој начин ризикот може да се сведе на минимум.

**Заштита од ризици - чекор 3**

За жал, не сите опасности можат да се избегнат или намалат. Со склучување на договор за осигурување, одредени последици од загубата можат, ако ништо друго, да се ограничат. Во незгода со мотоцикл, на пр. здравственото осигурување ќе ги покрие болничките трошоци. Сепак, не можете целосно да се осигурате од потенцијална трајна штета.

**Преземете го самите ризикот - чекор 4**

Некои ризици што не можат да се избегнат, ниту да се намалат повеќе или пак да се обезбеди подобра заштита, мораме самите да ги преземеме. Едноставно кажано, не можеме ризиците да ги сведеме на нула. Она кон што се стремиме е контролирано управување со ризици.



## Како можете да се заштитите од ризици?

Заштитата во смисла на „осигурување" се однесува на фактот дека последиците од одреден ризик, што е идентично или слично за многумина, се распределуваат на повеќе лица. Основната идеја на осигурувањето е дека на поединците им се дава поддршка во случај на незгода. Ако секој што се соочува со истиот можен ризик (ризик на заедницата) преземе дел од вистинските трошоци за незгодата, загубата за засегнатото лица може да биде балансирана.



## Осигурувањето им дава мир на луѓето...но, не е бесплатно

Приходите (пр. придонесите и премиите соодветно) на осигурителното друштво мора да се доволни за да ги покријат можните загуби (согласно осигурената сума(, административните трошоци и уделот во заработката.

**Причини за осигурување**




Некои луѓе велат: „Најдоброто осигурување е она кое го плаќам, но никогаш не мора да го искористам. Тогаш сум во ред и ништо лошо не се случило."





## Кој/што може да биде осигурен? (избор)

| Задолжително осигурување | Доброволно осигурување |
|---|---|
| **Лица** | |
| Задолжително здравствено осигурување: привремено осигурување; болест; неработоспособност заради болест, породилно, стоматолошко осигурување | Приватно здравствено осигурување: сместување во двокреветна соба; слободен избор на лекари и болници; трошоци за превоз на пациент; надомест на дневни трошоци наместо други услуги |
| Задолжително осигурување на последици од незгода: третман за опоравување по незгода, прва помош во случај на незгода на работно место и рехабилитација од заболувања на работно место, здравствено осигурување на работно место | Приватно осигурување за последици од незгода: придонеси во случај на постојан инвалидитет (пр. паричен надомест за одредени повреди), надомест за незгода, надомест во случај на смрт од незгода, трошоци заради незгода (медицински трошоци, трошоци за спасување или враќање дома), дневен надомест во случај на неработоспособност |
| Задолжително осигурување при невработеност: придонеси за невработеност, помош во случај на итност, придонеси за постојано образование, делумни придонеси за повозрасни вработени | Доброволно осигурување за невработеност: самовработените претприемачи во принцип не се квалификуваат за придонеси за вработување, но можат да склучат доброволно осигурување со цел да примаат надомест при невработеност |
| Задолжително пензиско осигурување: старосна пензија, семејна пензија, надоместок за помош и нега | Доброволно пензиско осигурување: дополнително на државната пензија примате паричен надомест од вашето приватно осигурување. Ова може исто така да биде базирано на осигурителен договор. |
| | Патничко осигурување: доколку патник во возилото загине или е повреден, дури и ако незгодата е по вина на возачот, исплатата се врши по основ на патничкото осигурување од незгода (во случај на смрт или инвалидитет). |
| | Осигурување за правни трошоци: кои ги покриваат трошоците за адвокати и квалификувани експерти, судски трошоци во случај на судска тужба. |



| Задолжително осигурување | Доброволно осигурување |
|---|---|
| **Работи** | |
| Задолжително осигурување за возила: ја покрива штетата кое осигуреното лице ја предизвикало со своето возило заради казниво однесување. Понатаму, осигурителното друштво ги штити сопствениците на осигуреното возило ако се погрешно обвинети во случај на сообраќајна незгода. | Осигурување од лична одговорност: ја покрива штетата која осигуреното лице како приватно лице ја причинило на (штета на сопственост и/или повреди) на трето лице, пр. штета предизвикана од кучиња |
| | Сеопфатно осигурување на возило: ја покрива штетата на сопственото возило пр. од кражба, пожар, незгоди од диви животни, град, снег, сите штети предизвикани од незгода независно од вината или намерата не неинволвирани лица |
| | Осигурување на домот: главно во комбинација со осигурување од лична одговорност; покрива штети од пожар, невреме, поплава, оштетување на стакла, разбојништво, провала, кражба на мотоцикли од заклучен простор |
| | Посебно осигурување од кражба: пр. за мотоцикли |
| | Осигурување од прекин на дејност: ако работата поврзана со дејноста е оштетена или уништена заради пожар, кражба, невреме или болест или незгода на лицата кои го водат бизнисот самостојно, се исплаќа дневен надомест како компензација. |



## Инструкции

**Содржина**
- табла за играње
- карти со улоги
- фигури за играње
- жетони за наградни поени
- информативна брошури за познавачи на играта

**Подготовка на играта**
Во наједноставната верзија можат да учествуваат до шест учесници. Ако двапати ги поделите улогите, учество можат да земат дванаесет учесници.
- одлучете за бројот на учесници
- наместете ја таблата
- измешајте ги картите
- поделете ги фигурите (ако сте ги поделиле улогите двапати, парот добива една фигура)
- секоја фигура добива три жетони
- секој учесник треба да има хартија за пишување пред себе

**Цел**
Целта на играта е справување со разни ризици во различни фази од вашиот живот, за да поминете колку можете повеќе неповредени остварувајќи ги вашите цели - да остарите среќни и здрави. Играјте заедно едни со други, а не едни против други.

**Времетраење на играта**
Играта се игра во утврден временски период (на пр. 40 минути) со ограничен број на рунди во играта или додека не се постигне целта.

## Тек на играта

**Поделба на улогите**
Играта се базира на учесници со различни улоги. Во текот на играта, можат да се имаат следниве улоги (во зависност од извлечените карти):
- дете
- тинејџер
- младо возрасно лице
- генерација на родител
- генерација на баба и дедо

Се одлучува кој учесник почнува, а кој е експертот.

**1. Извлечете карта со улога**
Учесникот кој почнува зема карта од шпилот и гласно ја чита. Ако учесникот не го разбира текстот, може еднаш да ја врати картата назад во шпилот и да извлече друга.

**2. Анализирајте ги фактите**
Учесникот ја анализира ситуацијата согласно следниве критериуми (не повеќе од една минута):

**Ниво I:** Не е потребно претходно познавање на различните видови на осигурување:
- Кој е/бил ризикот?
- Дали можеш да го избегнеш/намалиш ризикот? Ако можеш, како ќе го направиш тоа?

**Ниво II:** Потребно е претходно познавање на најсуштинските видови на осигурување (види го информативниот дел)
- Дали можеш да се осигуриш од овој ризикна некаков начин?
- Дали треба да се осигураш од овој ризик?

Сите учесници ја анализираат ситуацијата согласно истите критериуми (види ниво I) од сопствена перспектива и се осврнуваат на тоа како би ја решиле (не повеќе од една минута).

Помага ако активните и другите учесници фаќаат белешки како би ја процениле ситуацијата.

Може да се примени следнава варијација:
Секој учесник влече различна карта со улога и ја анализира ситуацијата соодветно. Оваа варијација може да е потешка за спроведување, бидејќи не е лесно постојано да се ставаш себеси во друга улога.

**3. Презентирање на можните решенија**
Учесникот го презентира своето предлог-решение.



**4. Проценка од страна на другите учесници**
Сите учесници со исклучок на експертот даваат поени за предлог-решението на учесникот. Може да се дадат од нула до три поени. Три поени значи дека целосно се согласувате со решението. Ако сметате дека друго решение е делумно правилно, одземате поени. Одземањето поени мора да биде објаснето. Повторно појаснуваме дека учесниците играат **едни со други**, а не едни против други.

**5. Ревидирање од преглед на експертот**
Експертот ги ревидира направените предлози согласно неговата брошура со експертиза. Ако предложените решенија се погрешни и не можат да бидат идентификувани од страна на другите учесници, експертот може да одземе до три поени. Експертот може да ги поништи неоправдано одземените поени.

**6. Распределба на поените**
Доделените поени се собираат. За секој освоен поен можете да се поместите едно поле напред.

**7. Промена на улогите**
Наредниот учесник влече карта со улога, улогата на експерт преминува на друг учесник и така натаму. Потоа играта продолжува од точка 2.



## Одговори - деца

**1.1**
Мари, 1 ½



Мари сака да се вози во детска количка низ градот. Татко и' се сретнува со колешка од работа. Тој гордо и' ја претставува Мари. Потоа ја враќа Мари во количката, заборава да ја врзе и потоа ја турка количката по стрмна улица.

а) Мари можелеа да стркала од количката и да се повреди.
б) Родителите секогаш треба да проверат дали девата се соодветно заштитени во нивните колички за да не можат да испаднат од нив. Таткото на Мари можел да избере побезбедна улица, не толку стрмна, така што ризикот на испаѓање од количката би бил помал.
в) Не. Не можете да се осигурате себеси од количката - третманот на повредата и трошоците поврзани со тоа се покриени со здравственото осигурување. Постојнаната штета е покриена со приватно осигурување од последици од незгода.
г) Не, здравственото осигурување е задолжително во рамки на законскиот систем за социјално осигурување, а приватното осигурување од последици од незгода се склучува на доброволна основа.

**1.2**
Клеменс, 6



Клеменс примил вакцина за тетанус кога бил бебе. На шест години тој треба да се ревакцинира. Клеменс се плаши од игли за инјекција и затоа мајка му одлучува да ја одложи ревакцинацијата додека не наполни десет години.

а) Клеменс можел да се повреди и раната да се инфицира. Ова би можело да доведе до негова смрт.
б) Бидејќи повредите тешко се избегнуваат, дури и кога сме особено внимателни, треба да се вакцинираме со цел да се заштитиме.
в) Не (не постои осигурување од инфекции).
г) Не (третманот и трошоците се покриени со здравствено осигурување).

**1.3**
Марек, 8



Марек е посветен играч на фудбал. Тој има нацртано гол на ѕид од неговата куќа. Таму тој тренира удари со нога од разни позиции. Веднаш до ѕид за тренирање се наоѓа прозорот од дневната соба на соседите.

а) Тој би можел да го скрши прозорецот ако промаши кога шутира.
б) Тој секогаш би требало да дава голови или да избере друг ѕид или место да вежба фудбал.
в) Да, ако прозорецот е скршен, постојното осигурување на домот ја покрива штетата преки посебно осигурување од кршење на стакла.
г) Не, осигурувањето на домот не е задолжително.

**1.4**
Пола, 2



Пола сака да си игра во дневната соба. Особено и' се допаѓаат полиците за книги на нејзините родители. Таа е сама неколку минути во дневната соба и почнува да гиниша полиците. Истите почнуваат да се нишаат заканувачки.

**а)** Полицата може да падне и да ја повреди Пола. Пола е сама, а очигледно полицата не е соодветно прицврстена за ѕидот. Постои дополнителен ризик од оштетување или уништување на работите што се наоѓаат на полицата.

**б)** Ризикот може да се избегне така што Пола не би била оставена сама или со соодветно фиксирање на полиците на ѕидот.

**в)** Не. Не можете да се осигурате од превртување на полиците. Медицинскиот третман на повредата или трошоците поврзани со тоа се покриени со здравственото осигурување. Постојаната штета е покриена со приватно осигурување од штета.

**г)** Не, здравственото осигурување е задолжително во рамки на законскиот систем за социјална заштита, а приватното осигурување од последици од незгода се склучува на доброволна основа.

**1.5**
Игор, 7



Игор и две негови другарчиња играат кошарка на влезот на гаражата. Топката се стркалува накај улицата и Игор се стрчува по неа...

**а)** За да си игра веднаш до улицата. Игор само ја следи топката и не внимава на сообраќајот, може да биде удрен од возило и да се повреди.

**б)** Најпрвин гледа дали доаѓа возило и дури потоа ја зема топката. Избира место за игра каде нема сообраќај!

**в)** Не. Не можеме да се осигураме од несреќа. Лекувањето на повредата и трошоците поврзани со тоа се покриени со здравственото осигурување. Трајната штета е покриена од приватно осигурување во случај на несреќи.

**г)** Не, здравственото осигурување е задолжително во рамките на системот за социјално осигурување а осигурување од приватни несреќи се прави на доброволни основи.

1.6
Светлана 1 $^1/_2$



Светлана си игра со играчките на нејзината постара сестра и скоро секоја ја става во устата.

**а)** Би можела да проголта парче и, не дај Боже, да се задуши.

**б)** Не им дозволувајте на мали деца да си играат со парчиња кои би можеле да ги проголтаат.

**в)** Не. Лекувањето на повреда и трошоците поврзани со тоа се покриени со здравственото осигурување.

**г)** Не, здравственото осигурување е задолжително во рамките на системот за социјално осигурување.



1.7
Макс, 4



Макс се враќа од градинка и и' кажува на мајка му дека во градинка има вошки и сите деца ги чешаат главите.

**а)** Појава на вошки и нивно пренесување од едно на друго дете.

**б)** Превенција (врзување на долгата коса...), редовни проверки дали детето има вошливост (проверка за гниди). Макс да не оди во градинка неколку дена за да не фати вошки.

**в)** Не.

**г)** Не.

1.8
Сара, 3



Сара сака да си игра во кујната. Нејзината мајка ги чува детергентите под садоперот. Меѓу нив се наоѓа и флаша која изгледа како флаша сок.

**а)** Опасност од труење доколку во шишето има токсичен детергент.

**б)** Ова може да се избегне со чување на опасните средства на безбедно место. Намалување на штетата со пиење многу вода со цел разредување на детергентот.

**в)** Не. Лекувањето на повреда и трошоците поврзани со тоа се покриени со здравственото осигурување. Трајната штета е покриена од приватно осигурување во случај на несреќи.

**г)** Не, здравственото осигурување е задолжително во рамките на системот за социјално осигурување а осигурување од приватни несреќи се прави на доброволни основи.

1.9
Марсел, 2



Марсел многу ужива во јадењето. Дури и кога тенџерето само што било тргнато од шпоретот, тој ја приближува неговата столица и се качува на неа - можеби има нешто да се проба.

**а)** Би можел да падне од столицата и да се повреди. Би можел да се изгори на жешката печка.

**б)** Децата не се оставаат во кујна без надзор и добро уште од најрана возраст да се запознаат со опасноста од жешката печка.

**в)** Не.

**г)** Не, здравственото осигурување е задолжително во рамките на системот за социјално осигурување а осигурување од приватни несреќи се прави на доброволни основи.



1.10
Јелица, 9



Јелица сака едноставни онлајн игри. Вообичаено со него е присутно возрасно лице. Денес таа може да си игра сама и целиот Интернет свет е отворен пред неа.

**а)** Би можела да посетува интернет страници без претходна согласност за возраста (насилство, порнографија)

**б)** Договор околу јасните правила кога се работи со интернет. Инсталирање на заштитен софтвер кој го оневозможува пристапот до несоодветните страници.

**в)** Не.

**г)** Не.

1.11
Кристијан, 10



Кристијан гледа сцена на Јутјуб каде некој прави целосно превртување на обична лулашка. Тој оди на игралиштето и почнува да вежба.

**а)** Лулашката нема да ја издржи тежината и би можела да се скрши, тој ќе падне и лошо ќе се повреди, би можел дури и да остане парализиран до крајот на животот.

**б)** Избегнувај такви ризици и немој да правиш такви опасни работи.

**в)** Не. Не можеме да се осигураме од висок ризик од паѓање. Лекувањето на повреда и трошоците поврзани со тоа се покриени со здравственото осигурување. Трајната штета е покриена од приватно осигурување во случај на несреќи.

**г)** Не, здравственото осигурување е задолжително во рамките на системот за социјално осигурување а осигурување од приватни несреќи се прави на доброволни основи.

1.12
Џулија, 1 1/4



Џулија веќе оди и трча низ станот, иако малку се тетерави. На крајот на ходникот се наоѓаат стрмни скали кон подрумот.

а) Би можела да падне по скали и да се повреди.

б) Да се користи (инсталира) соодветен уред за мало дете и да не се остава детето да се движи низ станот само и без надзор.

в) Не. Не можеме да се осигураме од ризик од паѓање. Лекувањето на повреда и трошоците поврзани со тоа се покриени со здравственото осигурување. Трајната штета е покриена од приватно осигурување во случај на несреќи.

г) Не, здравственото осигурување е задолжително во рамките на системот за социјално осигурување а осигурување од приватни несреќи се прави на доброволни основи.

**1.13**
Даниел, 8



Даниел сака да си зема парчиња чоколадо од божиќната елка. Нему воопшто не му е грижа што свеќите се запалени.

а) Би можел да се изгори со свеќата а елката би можела да падне и да го запали станот.

б) Да не користиме вистински свеќи на елката.

в) Не постои осигурување од изгореници. Лекувањето на повреда и трошоците поврзани со тоа се покриени со здравственото осигурување. Трајната штета е покриена од приватно осигурување во случај на несреќи. Опожарувањето на станот може да го покрие осигурувањето на домаќинства, по одредени услови.

г) Здравственото осигурување е задолжително, додека приватното осигурување од штети и осигурувањето на домаќинства е по желба.

**1.14**
Јана, 2



Јана го истражува станот на нејзините родители и става свиткана спојувалка во утичница за струја.

а) Детето би можело да ја допре струјата и да се повреди.

б) Разговарајте со детето за можните ризици, подигнете ја свеста од опасноста и ставете заштитни капачиња во штекерите.

в) Не. Лекувањето на повреда и трошоците поврзани со тоа се покриени со здравственото осигурување. Трајната штета е покриена од приватно осигурување во случај на несреќи.

г) Не. Здравственото осигурување е задолжително во рамките на системот за социјално осигурување.

**1.15**
Џулијан, 9



Џулијан е висок 1,40 метри и има 84 килограми. Тој е навистина не се мрда од пред телевизор. Ништо не може да го мотивира да физички да вежба, но, сака да јаде.

а) Дебелината влијае штетно на здравјето. Ако не се гледа со други деца и ако по цел е дома, ќе стане многу изолиран.

б) Промена на начинот на исхрана и редовно спортување.

в) Не.

г) Не.

**1.16**
Матеа, 7



Матеа не сака да оди пеш до дома. Таа го убедува нејзиниот соученик Симон да ја вози на неговиот велосипед. Багажникот на задното тркало е доволно голем за неа.

а) Би можела да падне или да закачи делови од облеката во тркалата, без да сака.

б) Багажникот не е соодветен за возење на велосипед.

в) Не. Не можеме да се осигураме од ризик од паѓање. Лекувањето на повреда и трошоците поврзани со тоа се покриени со здравственото осигурување. Трајната штета е покриена од приватно осигурување во случај на несреќи.

г) Не, здравственото осигурување е задолжително во рамките на системот за социјално осигурување а осигурување од приватни несреќи се прави на доброволни основи.

**1.17**
Нико, 4



Нико сака да буричка по фиоките. Во бањата наоѓа шарена кутија во која е очигледно дека може да се чува шеќер. Чудно, но во нема исто така има и парче хартија.

а) Во кутијата може да има апчиња кои би биле штетни за него ако ги проголта.

б) Лековите треба да се чуваат на заклучено.

в) Не. Во случај на труење со лекови лекувањето и трошоците поврзани со тоа се покриени со здравственото осигурување.

г) Не.

**1.18**
Елена, 8



Елена гледа неколку момчиња во паркот за скејтинг. Тие скокаат преку скалите и оградите со нивните скејтборди. Таа сака да го проба истото.

а) Голем ризик од повреди од евентуално паѓање.

б) Ако децата сакаат да ги пробуваат тие скокови, треба да носат заштитни елементи (шлем, заштитници на нозете, зглобовите и лактите) а се препорачува и користење на заштитник за 'рбетот.

в) Не. Не можеме да се осигураме од ризик од удари. Лекувањето на повреда и трошоците поврзани со тоа се покриени со здравственото осигурување. Трајната штета е покриена од приватно осигурување во случај на несреќи.

г) Не, здравственото осигурување е задолжително во рамките на системот за социјално осигурување

**1.19**
Аксел, 6



Аксел има креветче на кат во неговата соба. Целото е скоро комплетно со исклучок на неколку мали работи како заштитна ограда. Од неодамна тој спие многу лошо и немирно.

а) Би можел да падне од креветот да се повреди а би можел да има проблеми и со спиењето, што би барало итно внимание.

б) Заштитната ограда треба да се доврши за да се спречи детето да падне од креветчето. Посета на лекар кој ќе провери зошто Аксел има проблеми со спиењето.

в) Не. Не можеме да се осигураме од ризик од паѓање. Лекувањето на повреда и трошоците поврзани со тоа се покриени со здравственото осигурување. Трајната штета е покриена од приватно осигурување во случај на несреќи.

г) Не, здравственото осигурување е задолжително во рамките на системот за социјално осигурување а осигурување од приватни несреќи се прави на доброволни основи.

**1.20**
Луси, 11



Луси и нејзината пријателка Магда палат камперски оган во шумата. Веќе две недели нема заврнато дожд и дува силен ветар.

а) Шумата може да се пламне во пожар и да уништи големи површини. Дури и луѓето би можеле да бидат загрозени.

б) Оган се пали само на безбедни места. Исто така не е препорачливо палење на оган кога времето е многу суво.

в) Осигурувањето на домаќинства, вклучувајќи го тука и осигурувањето од лична одговорност би можело да ја покрие штетата.

г) Не.

**2.1**
Калина, 13



Сковите и кул облека се најважни за сноубординг. Шлемот е во ред, но штитниците за грб се многу неудобни - едноставно да ги заборавиме.

а) Опасноста од паѓање и ризикот од повреда претставуваат елемент на сноубордингот.
б) Добра телесна состојба (фитнес), сноубродинг под надзор и внимание, носење на заштитна облека (шлем, заштитници)
в) Не можеме да се осигураме од ризик од паѓање. Лекувањето на повреда и трошоците поврзани со тоа се покриени со здравственото осигурување, од една страна, и од приватното осигурување во случај на несреќи од друга страна.
г) Не, здравственото осигурување е задолжително во рамките на системот за социјално осигурување а осигурување од приватни несреќи се прави на доброволни основи.

**2.2**
Матијас, 16



Матијас и неговите пријатели поминуваат вечер во ресторан полн со гости. Тој го остава неговиот паричник во неговата јакна и истата ја става на потпирачот на неговото столче.

а) Тој го оставил паричникот во џебот од јакната со што џепчиите имале лесна работа.
б) Носење на паричникот на себе за да не можат да го украдат.
в) Не, осигурувањето на домаќинства не ја покрива оваа штета.
г) Не.

**2.3**
Оливер, 16



Пред часот по физичко образование, Оливер става 30 евра, неговиот часовник и неговиот смартфон во шкафчето со клуч во соблекувалната.

а) Ризик од кражба или провала
б) Не се носат вредни работи на училиште.
в) Треба да се користи добар катанец а училиштето може да инсталира и видео надзор,
г) Да. Делумно преку осигурувањето на домаќинства, или осигурано е самото училиште и тоа најчесто преку Советот на родители.

**2.4**
Езра, 17




Езра го вози нејзиниот велосипед до железничката станица и го остава таму. Таа го врзува задното тркало на велосипедот со држачот за велосипеди.

а) Ризик од кражба
б) За жал, таа не ја врзала рамката за велосипедот за држачот, туку само задното тркало па затоа е многу лесно да се украде велосипедот. Потребно е да се има добро заклучување на велосипедот а од корист е и оставање на велосипедот на видно место.
в) Да, има некои. Осигурување од кражба на велосипеди.
г) Не.

**2.5**
Тео, 16



Тео има целосно опремен маунтинбајк со амортизери и со кој учествува на трки. Велосипедот го чува заклучен во подрум што доаѓа со станот на неговите родители. Во среда, истиот исчезнува од подрумот.

а) Ризик од кражба.
б) Треба да се користи добро заклучување кога се заклучува во подрумот.
в) Да, осигурувањето на домаќинства ќе ја покрие штетата ако докажеме дека подрумот бил заклучен.
г) Не.

**2.6**
Филипа, 15



Филипа има возачка дозвола за мопед и ја вози на него нејзината пријателка. Врне дожд, а таа вози брз во кривина и преку шини за трамвај.

а) Би можела да падне и да се повреди себеси и својата пријателка. Ако пријателката е повредена ова може да доведе до тензија во нивниот пријателски однос.
б) Мопедот треба да се вози со убава прегледност и брзината да се прилагоди на ситуацијата.
в) Не можеш да се осигураш од висок ризик од паѓање но повредите можат да се осигураат (здравственото осигурување или патничкото осигурување го покриваат трошоците за лекување). Патничкото осигурување исто така ги покрива и трошоците за лекување на сопатникот.
г) Здравственото осигурување и осигурување од штета од трети страни се задолжителни додека патничкото осигурување во случај на несреќи се прави по желба.

**2.7**
Маре, 14



По цел ден Маре слуша хевиметал музика, за жал и кога ги преминува улиците. Тој започнува да ја преминува улицата и истовремено ја пушта музиката до крај и ...

а) Кога слушаш многу гласна музика не внимаваш доволно на сообраќајот и на ризиците. Може да не забележи возило кое се приближува. Возач може нагло да закочи и може да дојде до судир од задниот дел, а може да бидат повредени и други лица.
б) Се намалува звукот на музиката за да не ни го одзема вниманието и за да можеме јасно да ги слушнеме возилата.
в) Не. Не можеш да се осигураш од ризик од несреќи. Лекувањето на повреда и трошоците поврзани со тоа се покриени со здравственото осигурување. Трајната штета е покриена од приватно осигурување во случај на несреќи.
г) Не, здравственото осигурување е задолжително во рамките на системот за социјално осигурување а осигурување од приватни несреќи се прави на доброволни основи.

**2.8**
Константин, 15



Константин сака да прослави со своите пријатели. За да заштедат пари, тие ја почнуваат забавата дома. Потоа пешачат до барот. Температурата надвор е минус 10.

а) Труење со алкохол, што може да биде опасно по живот. Би можеле да загубат свест па дури и да измрзнат до смрт на овие ниски надворешни температури.
б) Не пијте алкохол! Имајте пријатели кои ќе се погрижат за Вас во таков случај, кои ќе интервенираат и ќе повикаат брза помош.
в) Не. Можеби родителите мора да ги покријат трошоците во болница (на пример, за испирање на стомакот).
г) Не.

**2.9**
Катрин, 16



Катрин е работи за време на распустот и е распоредена во кујна на ресторан. Таму за жал си го пресекува прстот.

а) При сечење, доволен е само дел од секунда на невнимание и да си предизвикаме повреди.
б) Неопходно е целосно внимание.
в) Не, здравственото осигурување е задолжително во рамките на системот за социјално осигурување.
г) Да, во рамките на задолжителното осигурување од несреќи.

**2.10**
Симона, 14



Симона многу сака да биде приметена од момчињата на училиште. Затоа таа носи кратко низ целата година. Веќе недела дена време надвор е доста студено.

а) Би можела многу да настине.

б) Носење на топла облека

в) Не. Ако навистина настине, во тој случај лекувањето е покриено со задолжителното здравствено осигурување.

г) Не, здравственото осигурување е задолжително.

**2.11**
Манфред, 16



Манфред живее во прекрасен стан во стара зграда. Светлото во неговата соба не работи. Во подрумот се наоѓа скала, а тој ја става својата столица на масата за да го промени светлото.

а) Таквата структура е мошне нестабилна, би можел да падне и да се повреди а при пад може да оштети и други нешта.

б) Земете скали од подрумот или побарајте помош кога се качувате (на пример, некој да ја придржува масата, столицата или сл.).

в) Не. Не можеш да се осигураш од ризик од паѓање. Лекувањето на повреда и трошоците поврзани со тоа се покриени со здравственото осигурување, од една страна, и од приватно осигурување во случај на несреќи од друга страна.

г) Не, здравственото осигурување е задолжително во рамките на системот за социјално осигурување а осигурување од приватни несреќи се прави на доброволни основи.

**2.12**
Лара, 14





Лара е во камп за млади во регион со висок ризик на крлежи.

а) Таа е изложена на ризик од инфекција откако била касната од крлеж, може да се разболи и од менингитис (па дури и да почине во најлош случај).

б) Таа може да го намали ризикот од инфекција преку вакцинирање а би можела да носи и капа или долги панталони

в) Не. Ако болеста предизвика трајно оштетување трошоците ќе бидат покриени од приватното осигурување во случај на несреќи. Лекувањето е покриено од здравственото осигурување.

г) Не.



**2.13**
Виктор, 13



Виктор ги има снимено сите негови. mp3 датотеки, слики и сè друго што му е потребно за училиште на неговиот компјутер. Кога го рестартира компјутерот, истиот не работи, не покажува никакви знаци на живот.

а) Хард дискот можеби е оштетен и сите податоци се изгубени.

б) Правење на резервна копија.

в) Не.

г) Не.

**2.14**
Петра, 15



Петра им досаѓа на нејзините родители да добие дозвола да направи пирсинг. Конечно таа прави пирсинг во просторија позади во подрумско студио.

а) Ризик од инфекција ако не се запазува хигиената. Кавги со родителите.

б) Да не правиме пирсинзи или да одиме во посебно студио за таа намена во кое сме сигурни дека се запазени правилата за хигиена.

в) Не.

г) Не (трошоците за лекување се покриени со здравственото осигурување)

**2.15**
Сем, 15



Сем се враќа сам дома од забава. Во темна улица го напаѓаат три млади пијани момчиња.

а) Се движел сам и тоа во слабо осветлена уличка. Можеле да го ограбат и да му ги украдат парите и мобилниот телефон.

б) Одете накај дома во група. Ако тоа не е можно тогаш не можете да го избегнете овој ризик. При враќање дома изберете улица на која има луѓе.

в) Не. Загубата може да ја покрие осигурувањето на домаќинства (барем делумно).

г) Не.

**2.16**
Тимо, 15



Тимо треба да направи цел круг на вратило. Тој чувствува мачнина.

а) Би можел да падне од вратилото и да се повреди, или самото вратило може да го повреди ако не ја направи гимнастичката вежба како што треба.

б) Неговиот наставник и колегите можат да го заштитат за да не се повреди.

в) Не можеме да се осигураме од ризик од паѓање. Лекувањето на повреда и трошоците поврзани со тоа се покриени со здравственото осигурување, од една страна и од приватното осигурување во случај на несреќи од друга страна.

г) Не, здравственото осигурување е задолжително во рамките на системот за социјално осигурување а осигурување од приватни несреќи се прави на доброволни основи.

**2.17**
Елиза, 17





Елиза е на кул концерт. Таа има одлично место за седење - директно до звучниците.

а) Ризик постои затоа што може да настрада од значително губење на слухот.

б) Избегнување на ризикот (седење подалеку од звучниците). Намалување на ризикот (заштита на ушите од прегласна музика).

в) Не. Лекувањето е покриено со задолжителното здравствено осигурување. Трајната штета е покриена од приватно осигурување во случај на несреќи кое се склучува по желба.

г) Не, здравственото осигурување е задолжително во рамките на системот за социјално осигурување а осигурување од приватни несреќи се прави на доброволни основи.

**2.18**
Себастијан, 15



Себастијан би сакал да има скутер за до училиште. Тој почнува жестока дискусија со неговите родители за трошоците поврзани со скутерот. Себастијан мисли дека може да пројде и без полиса за осигурување - бидејќи е многу внимателен возач и внимава на другите учесници во сообраќајот.

а) Кога сте учесник во сообраќајот, секогаш постои ризик од несреќа со другите учесници. Можно е да дојде до повреда на луѓе или оштетување на предмети.

б) Возилото треба да се вози со внимание за да се избегнат ризиците.

в) Осигурувањето од одговорност од трети страни ги покрива трошоците на повреди на другите учесници во патниот сообраќај.

г) Задолжително осигурување (осигурување за авто одговорност од трети страни)

**2.19**
Даниела, 18



Даниела организира концерт на отворено. Таа најмува бенд и купува пијалаци на големо. Таа претпоставува дека ќе дојдат 150 посетители. Временската прогноза предвидува силни врнежи.

а) Можно е луѓето да не дојдат поради дожд и таа ќе има помалку приход.

б) Продавање на билетите однапред и склучување договор со фирмата за пијалаци за враќање на оние пијалаци кои нема да се продадат. Наоѓање спонзор кој би го поддржал настанот и би ја презел одговорноста за некои трошоци.

в) Теоретски, би можеле да земеме осигурување во случај на откажување на настан.

г) Не.

**2.20**
Игор, 16



Игор сака да чепка по својот мопед. Потрошеното масло го става во старо буре и го чува во градината.

а) Бурето може да почне да тече и маслото да навлезе во почвата со што може да дојде до загадување на подземните води.

б) Отпадното масло да се отстрани (фрли) на правилен начин.

в) Не.

г) Не.

**2.21**
Дезире, 15



Шопинг, шопинг, шопинг - ова е омилениот начин на кој Дезире го поминува слободното време. Таа е силно уверена дека и' требаат сите тие работи, иако нејзиниот шкаф е полн со облека и модни додатоци.

а) Постои ризик од „заглавување" во долгови. Постои и можност дека таа купува добра кои биле произведени во лоши услови за работа.

б) Внимателно да се види што да се купува и да се има предвид од каде потекнуваат добрата. Да се избегнува непотребен трошок.

в) Не.

г) Не.



## Одговори - млади возрасни

**3.1**
Амир, 22



Амир долго време штеди за да си го купи неговиот автомобил од соништата. Сега може да си дозволи да го има. Кога едно утро поминува покрај возилото, тој е запрепастен; врата од страната на возачот е удрена.

а) Секогаш постои ризик од штета при паркирање која е предизвикана од други возачи.

б) Со имање на свое паркинг место донекаде го намалуваме овој ризик но не го елиминираме целосно. Ризикот исто така можеме да го минимизираме со мудар избор на паркинг местото.

в) Да, целосното сеопфатно осигурување ги покрива штетите при паркирање но притоа ни останува одредено одземање кое варира од едно до друго осигурување.

г) Не.

**3.2**
Јана, 25



Јана се подготвува да започне со готвење и става тава со масло на шпоретот. Само што го вклучува шпоретот и' заѕвонува телефонот и пријателката и кажува дека ја чека долу и дека треба веднаш да дојде.

а) Маслото може да се запали и да го вивне во пламен целиот стан, па дури и куќата, а можно е да и луѓето да бидат повредени.

б) Пред да излеземе од станот треба да провериме дали сме исклучиле сѐ. Инсталирање на детектори за чад.

в) да, во случај на штета постои шанса осигурувањето на домаќинство да ги покрие трошоците но притоа не смее да се докаже дека сме делувале на многу небрижен начин. Обично судовите се тие кои одлучуваат дали осигурителната фирма мора да ги покрие трошоците.

г) Не.

**3.3**
Феликс, 24



Фелик скока од мостови и згради користејќи специјален падобран.

а) Можно е падобранот да не се отвори навреме или ветровите да доведат до неконтролирани движења – и двете причини можат да бидат смртоносни.

б) Подгответе се убаво за скокот или воопшто не скокајте.

в) Не. Малку е веројатно дека осигурителна компанија би дала понуда.

г) Не.

**3.4**
Елке, 19



Елка чита на Интернет дека актерките осигуруваат делови од нивните тела. Таа повремено работи како манекенка и мисли дека е добра идеја да си ги осигури нејзините долги нозе.

а) Би можела да се повреди, можно е нозете повеќе да не ѝ бидат убави и повеќе да не може да работи како манекенка. Ова ќе значи значителна загуба на приходи.

б) Избегнување на оние ризични активности кај кои би можеле лесно да се повредиме.

в) Во Австрија тоа не е можно, како принцип, а во странство има осигурителни компании кои осигуруваат делови од телото со високи премии.

г) Не.

**3.5**
Симон, 23



Симон работи во сервис за автомобили осум години. Од неодамна работата почнува да се намалување и некои колеги веќе добиваат отказни решенија

а) Ризикот дека би можел да ја загуби работата, што би значело губење на приходите.

б) Создавање резерви или барање работа навреме.

в) Да (осигурување во случај на невработеност)

г) Да. Осигурувањето во случај на невработеност е дел од социјалното осигурување.

**3.6**
Оли, 22



Оли гледа на интернет автомобил што се продава и префрла 50% од цената во банка во странство. Договорена е средба за да се испорача автомобилот. Оли чека веќе три часа.

а) Продавачот може да не се појави, Оли да не ги добие ниту возилото ниту парите назад.

б) Најпрвин проверка на возилото и плаќање едно по едно (возилото и документацијата во замена за парите).

в) Не (не постои осигурување против малоумност)

г) Не.

**3.7**
Алиса, 25



Алис поминува два месеци на прекрасен тропски остров. Веднаш штом се враќа, почнува да страда од грозници.

а) Присуство во подрачје во кое има маларија, со што постои опасност од инфекција.

б) Користење на средства против инсекти (спреј, мрежи за комарци) за време на престојот. Земање лекови како превентива.

в) Не. Трошоците за лекување се покриени со здравственото осигурување.

г) Не.

**3.8**
Матео, 26



Матео ја прочитува следнава информација во весник: „Апсолутно се неопходни значителни кратења во државниот пензиски фонд".

**а)** Постои ризик неговата пензија да биде значително помала од неговата плата (пензиски јаз).
**б)** Немате никакво влијание врз државниот пензиски фонд.
**в)** Би можел да се погрижи за староста (на пример, плаќање во приватен пензиски фонд).
**г)** Не.

**3.9**
Силвија, 20



Силвија добива покана за неформално интервју за вработување. Бидејќи доцни, се стрчува кон подземната железница и слуша преку разгласот дека во моментов интервалите во кои пристигнуваат возовите се нередовни.

**а)** Би можела да го пропушти интервјуто и да не ја добие работата
**б)** Поаѓање навреме, одење со такси за да бидеме сигурни дека ќе пристигнеме навреме. Во секој случај, би можела да им се јави телефонски и да им каже дека ќе задоцни.
**в)** Не.
**г)** Не.

**3.10**
Џонатан, 23



Џонатан го поминува својот одмор во Италија и изедува многу храна од бифето. Но, веќе неколку часа му е многу лошо.

**а)** Ако јадењата не биле готвени во задоволителни хигиенски услови, постои ризик од труење со храна.
**б)** Да се избегнуваат одредени јадење. Ако не се чувствуваме добро, соодветно е навреме да појдеме на лекар за да не дојде до влошување на ситуацијата.
**в)** Не можеме да се осигураме од труење со храна. Да не заборавиме да ја земеме со себе електронската картичка кога одиме на одмор и да провериме дали лекарот ја прифаќа европската картичка за здравствено осигурување.
**г)** Да. Здравственото осигурување е задолжително а освен тоа можеме да земеме и приватно патничко осигурување.

**3.11**
Петра, 27



Петра е навистина посветен параглајдерист. Се навестува лошо време - но таа сепак почнува да лета со својот параглајдер.

**а)** Може да падне, да се повреди па дури и да загине.
**б)** Да се оди сами при добри временски услови.
**в)** Не. Трошоците за лекување се покриени со здравственото осигурување. Во најголем број случаи приватното осигурување во случај на несреќи не покрива трошоци поврзани со параглајдинг.
**г)** Не.

**3.12**
Урс, 20



Урс успева да се качи на бината каде настапува неговиот омилен бенд. Во моментов тој се подготвува да скокне долу во публиката.

**а)** Другите гледачи може да не го фатат и тој да падне и да се повреди.
**б)** Да не се скока или да се скока само тогаш кога сме сигурни дека има кој да нè фати.
**в)** Не. Во овој случај не е потребно осигурување. Клучен фактор е дека сите луѓе заедно помагаат за да не дојде до повреди. Ако се повреди тој може да смета на задолжителното здравствено осигурување. Во случај на траен инвалидитет трошоците ги покрива приватното осигурување во случај на несреќи.
**г)** Не.

**3.13**
Елиза, 24



Елиза изнајмува стан на првиот кат од куќа со повеќе од 5 стана. По навика, таа ја остава отворена вратата на нејзиниот балкон.

**а)** Крадците би можеле многу полесно да влезат во станот или во куќата а при бура би можело да навлезе и вода и да предизвика штети.
**б)** Вратата од балконот нека биде заклучена.
**в)** Да, во основа е можно да се купи полиса за осигурување на домаќинството но таа веројатно нема да ги покрие трошоците ако докажат дека Вие сте виновни што сте ја оставиле вратата од балконот отворена и дека тоа е главната причина за направената штета.
**г)** Не.

**3.14**
Десислава, 27



Деси работи за рекламна агенција. Со години таа се занимава со моден дизајн како хоби. Таа одлучува да ја напушти својата работа, да стане самовработен претприемач и да работи како дизајнер.

**а)** Таа ги губи сигурните приходи но од друга страна ќе го работи она што сака.
**б)** „Тргање" пари настрана пред напуштање на работата, со цел одредена финансиска сигурност.
**в)** Не постои осигурување од ризик кај неуспешни бизнис идеи.
**г)** Не.

**3.15**
Чарли, 18



Чарли има возачка дозвола и повеќе не сака да оди пеш. Дури и кога растојанието е кратко - тој ја пали својата моќна кола со многу коњски сили.

**а)** При возење автомобил се испуштаат гасови кои лошо влијаат на животната средина.
**б)** Користење на јавен превоз или одење пешки ако се работи за кратки растојанија.
**в)** Не.
**г)** Не.

**3.16**
Ајви, 21



Ајви е посветена на барање добри зделки кога купува. Омилени и' се огромни пакувања на месо по навистина евтини цени. Таа воопшто не размислува за животните.

**а)** Местото не можеби не потекнува од стока која била чувана на соодветен начин и можеби патувало многу долго. Ако таа купува само огромни пакувања можно е да не го искористи целото месо пред истекот на рокот. На овој начин она што првично и се видело евтино може да излезе голем трошок.
**б)** Купување во рамките на можностите и купување на регионални производи.
**в)** Не.
**г)** Не.

**3.17**
Џулиус, 30



Џулиус поминува покрај деловен простор што се издава. Му се допаѓа локацијата и секогаш сакал да отвори свој ресторан. Без понатамошно одлагање, тој потпишува договор за закуп.

**а)** Тој нема бизнис план, нецелосно ја анализирал локацијата и не размислил дали има конкуренција на тоа подрачје. Би можел исто така и да „заглави" во големи долгови и да ја доведе под знак прашање својата економска егзистенција.
**б)** Внимателно истражување, без брзање, земање предвид на сите опции со чиста глава. Барање совет од стручно лице и дури потоа донесување одлука.
**в)** Не.
**г)** Не.

**3.18**
Роксана, 27



Роксана само што купила стан заедно со нејзиното момче. Набрзо потоа и' е понудена добро платена работа во друг град. Притоа, ќе мора да пренокува таму неколку вечери секоја недела.

**а)** Најверојатно не може толку брзо да го продаде станот. Ако живее на друго место одреден број денови во неделата тоа ќе значи дополнителен трошок а и нивната врска исто така може да се соочи со криза

**б)** Внимателна проверка кој ќе ги покрие трошоците за сместување. Сериозно да се разговара со момчето за да не се става непотребен товар на врската.

**в)** Не.

**г)** Не.

**3.18**
Роксана, 27

Роксана само што купила стан заедно со нејзиното момче. Набрзо потоа и' е понудена добро платена работа во друг град. Притоа, ќе мора да пренокува таму неколку вечери секоја недела.

**а)** Најверојатно не може толку брзо да го продаде станот. Ако живее на друго место одреден број денови во неделата тоа ќе значи дополнителен трошок а и нивната врска исто така може да се соочи со криза

**б)** Внимателна проверка кој ќе ги покрие трошоците за сместување. Сериозно да се разговара со момчето за да не се става непотребен товар на врската.

**в)** Не.

**г)** Не.

## Одговори - генерација родители

**4.1**
Тамара, 39



Тамара го носи своето куче Сидо на шетање. Одеднаш, тоа се фрла на човек кој трча покрај нив и го каснува за левата нога.

**а)** Кучето не било на синџир ниту пак носело заштитна маска на устата.

**б)** Да се користи синџир и/ или заштитна маска, и да се води сметка за кучето.

**в)** Последиците од ова може да се осигураат со склучување на договор за осигурување за кучето

**г)** Да, во некои провинции во Австрија осигурувањето од одговорност е задолжително.

**4.2**
Астрид, 35



Астрид отсекогаш била претприемач и има свој бутик веќе десет години. Бизнисот постепено опаѓа и Астрид одлучува да го затвори. Во моментов таа нема приходи. Но, фиксните трошоци за нејзиниот стан и автомобил продолжуваат не престануваат да се таложат.

**а)** Со затворање на бутикот таа сега не заработува пари но притоа трошоците за бутикот и понатаму си течат. Постои ризик уште повеќе да „заглави" во долгови. Претприемачите обично немаат право на средства во случај во невработеност.

**б)** Би можеле навреме да направиме резерви кои ќе помогнат во премостувањето на периодот без приходи.

**в)** Да. Постои можност за склучување на договор за осигурување во случај на невработеност (по желба).

**г)** Не.

**4.3**
Драган, 48



Драган е во брзање, го занемарува стоп-знакот и се судира со друг автомобил.

**а)** Постои ризик од несреќа поради неговата небрижност. Не смее да се вози под стрес затоа што тоа го зголемува ризикот од несреќа, можно е да дојде до оштетување на имот или повреда на луѓе.

**б)** Добро е да се појде навреме, да внимаваме на сообраќајот додека возиме и да ги почитуваме сите сообраќајни правила.

**в)** Возило може да се регистрира само со склучување на задолжително осигурување од авто одговорност од трети страни. Ова осигурување ги покрива само штетите на другата страна во несреќата а штетата на Вашето возило ќе биде надоместена само ако имате каско осигурување.

**г)** Осигурувањето од одговорност од трети страни е задолжително а каско осигурувањето е по желба.



**4.4**
Јелена, 37



Јелена вози покрај патот. Надворешната температура е нула. Почнува помалку да врне. Патот е полн со кривини.

**а)** Постои ризик од појава на црн мраз и таа да излета од патот.

**б)** Возење со внимание и користење на зимска опрема за возилото.

**в)** Се разбира дека не можеме да се осигураме од црн мраз. Ако излетаме од патот поради ваков мраз и возилото биде оштетено, трошоците за тоа може да ги покрие само каско осигурување.

**г)** Не.

**4.5**
Филип, 38



Филип и неговата сопруга ангажираат градежна фирма да им изгради мала куќа и го уплаќаат учеството. Веќе три недели ниту еден градежен работник не се појавува на објектот. Градежната фирма не може да се добие на телефон.

**а)** Направени се исплати а притоа не е добиена никаква услуга за возврат. Градежната фирма можеби банкротирала.

**б)** Исплатите да се прават само согласно напредокот на градежните работи, или преку трета страна која ќе ги реализира плаќањата тогаш кога ќе бидат реализирани услугите.

**в)** Не.

**г)** Не.

**4.6**
Рената, 49



Рената влегува во нејзиниот автомобил и сака да го запали. Притоа, не се случува ништо. Таа ја подига хаубата и гледа дека жиците се изгризени.

**а)** Изгризано од животни (ласици и сл.)

**б)** Постојат одредени решенија за ова но повеќето од нив се бескорисни.

**в)** Да. Сеопфатен договор за осигурување ги покрива трошоците во случај на изгризаност од животни (можно е да има одземања).

**г)** Не.

**4.7**
Хелмут, 37



Хелмут го паркира своето возило под дрво. Кога се враќа, гледа дека гранка од дрвото паднала на покривот и го оштетила.

а) Паркирање под дрво

б) Не се препорачува возилото да се паркира под дрво.

в) Сеопфатен договор за осигурување ги покрива трошоците (но истиот можеби ги покрива трошоците само во случај на невреме). Ниту едно друго осигурување не ги покрива вакви штети.

г) Не.

**4.8**
Хајди, 33



Хајди го паркира својот автомобил веднаш позади мотор на стрмна улица. Се спрема силна бура и веќе дува силен ветар.

а) Моторот би можел самиот да падне или да биде турнат од кола која си заминува од паркингот.

б) Ако е можно, да се држи безбедно растојание.

в) Ако моторот падне на возилото штетата би можела да ја покрие каско осигурување. Во суштина, осигурувањето на сопственикот на моторот ќе ги покрие само трошоците во отсуство на вина од страна на сопственикот.

г) Не.

**4.9**
Ралф, 38



Ралф вози низ густо пошумена област навечер. Гледа знак што ги предупредува возачите дека поминуваат елени. Тој не ја намалува својата брзина.

а) Елен би можел да се судри со возилото

б) Намалување на брзината и возење со зголемена претпазливост.

в) Да. Сеопфатен договор за каско осигурување ги покрива трошоците за штета предизвикана од судир со диви животни.

г) Не.

**4.10**
Антонија, 43



Антонија е самовработена масерка. За жал, таа ја повредува својата лева рака. Се работи за сложена скршеница, така што воопшто не може да работи.

а) Повеќе не е во можност да работи поради повредата и затоа нема да може да заработува.

б) Ризикот од несреќи никогаш не може 100% да се исклучи.

в) Постои можности од склучување на осигурување за прекин на бизнисот.

г) Не.

**4.11**
Кристијан, 31



Кристијан е дрвосечач и при работа неговата моторна пила му се лизга од рацете. Тој сериозно го повредува својот колк.

а) Ризик постои затоа што не води сметка или се лизнал кога работел со многу тврд материјал со што се повредил.

б) Носење на заштитна облека и особена внимателност кога се работи во опасни ситуации.

в) Не. Трошоците за рехабилитација се опфатени со задолжителното осигурување од несреќи при работа а освен тоа трошоците можат да бидат покриени и од незадолжителното здравствено осигурување и осигурување во случај на несреќи.

г) Да. Задолжително е осигурувањето во случај на несреќи.

**4.12**
Мануел, 44



Мануел учествува на наградни игри. Со месеци неговото име и адреса стануваат дел од евиденцијата на бројни организации и тој не може да се спаси од директна пошта.

а) Податоците биле пренесувани на незаконски начин.

б) Може и воопшто да не учествуваме во такви наградни игри и добро е внимателно да ги прочитаме условите за учество.

в) Може да си го додадеме името на тнр. „Робинсон" листа и нема да добиваме никаков рекламен материјал. Договорот за осигурување за правни трошоци ќе ги покрие правните трошоци во случај на постапка во која би барале Вашето име да биде избришано од листата.

г) Не.

**4.13**
Клаудија, 37



Клаудија работи во фирма за молерисување и декорирање. Таа паѓа од скеле и нејзините колкови претрпуваат тешки повреди. Таа би сакала да помине некое време во клиника за рехабилитација.

а) Очигледно дека, додека работела на скелето, била многу лошо заштитена или воопшто не била заштитена

б) Соодветна лична заштита и особено водење сметка да не паднеме од скеле.

в) Не, трошоците за рехабилитација се покриени со задолжителното осигурување во случај на несреќи затоа што оваа несреќа се случила на работното место. Можеби дополнителни услуги можат да бидат покриени со од незадолжителното здравствено осигурување и осигурување во случај на несреќи.

г) Да. Задолжително е осигурувањето во случај на несреќи.

**4.14**
Еркан, 33



Еркан и неговите пријатели одат на тура за качување по планини. Притоа мора да се искачат по стрмен срт. Куки за закачување се поставени на карпите.

а) Некој од нив би можел да падне па дури и да повлече некого.

б) Обезбедете се еден со друг.

в) Не, во овој случај взаемната помош помеѓу планинарите е многу подобра од било кое осигурување.

г) Не.

**4.15**
Илона, 47



Илона престојува кај своите родиле за време на викендот. Кога се враќа дома, нејзината кујна е поплавена. Електричната струја е исклучена и содржината на замрзнувачот е расипана.

а) Секога може да снема струја

б) За жал, воопшто не.

в) Може да се склучи договор за осигурување на домаќинство со кој би била покриена штетата.

г) Не.

**4.16**
Милош, 39



Милош живее во куќа со многу стрмен кров. Во зима постојано се случува свлекување на снегот. Тој не сака да преземе заштитни мерки. Едноставно луѓето ќе мора да внимаваат.

а) Можно е да дојде до одрон на снег кој би ги повредил луѓето или би ги оштетил возилата.

б) Мерки за поправка или барем ставање знак за предупредување.

в) Да. Штетата би ја покрило осигурувањето на објекти/осигурување од трети страни но само доколку сопственикот на куќата презел соодветни заштитни мерки – доколку не презел вакви мерки тогаш е многу веројатно дека штетата нема да биде покриена.

г) Не.

**4.17**
Зибел, 32



Зибел купува акции во компанија на препорака на негов пријател. Од неодамна акциите почнуваат силно да флуктуираат.

а) Би можела да ги изгуби парите ако акциите станат безвредни.

б) Да не се купуваат високоризични хартии од вредност. Пред купување неопходни се екстензивни консултации. Направете разлика помеѓу консултативни разговори и дискусија која се однесува на продажби. Купувајте ги само оние работи кои ги разбирате.

в) Не.

г) Не.

**4.18**
Екрем, 45



Екрем предизвикува незгода каде неговата девојка е тешко повредена. Таа повеќе нема да може правилно да го движи своето колено.

а) Во основа, сообраќајот е секогаш опасен. Сега Екрем мора да ги покрие трошоците за лекување а поради повредата би можел исто така да биде и осуден на дополнителни плаќања (пензија) а и нивното пријателство би било доведено во прашање.

б) Не е можно целосно елиминирање на ризикот. Овој ризик може да се намали со повнимателно возење.

в) Да. Мора да се направи осигурување од одговорност кај трети страни а исто така и осигурување на патници кое опфаќа исплати во случај на траен инвалидитет.

г) Осигурувањето од одговорност кај трети страни е задолжително а по своја желба може да се склучи договор за осигурување на патниците од повреди.



**4.19**
Ива, 41



Ива сака да изгради терени за голф во регион со малку врнежи. Потребно е екстензивно наводнување.

а) Можно е да дојде до рестрикции на вода за пиење и за земјоделски потреби.

б) Теренот за голф да се гради во еколошки безопасно подрачје

в) Не.

г) Не.



## Одговори - генерација на баба и дедо

**5.1**
Марија, 73



Веќе 40 години Марија живее во куќа во близина на реката Дунав. Временската прогноза предвидува силни врнежи во наредните неколку дена.

а) Реката би можела да се излее и да ја поплави куќата на Марија а притоа да бидат поплавени и подрумите.

б) Подготвени вреќи со песок и складирање на работите од подрумот на сигурно. Сите вредни работи да се однесат на првиот спрат.

в) Да. Осигурувањето на објекти и домаќинства би можело да содржи заштита од поплави но најчесто ова е дополнителна ставка која треба да биде посебно вметната во договорот.

г) Не.

**5.2**
Алојз, 69



Алојз знае со часови да се качува по планини. Тој е сам и во последните седум години не спортувал, а секогаш уживал во храната. Го заборава својот мобилен во автомобилот.

а) Физичкиот напор би бил преголем и би можел да си има сериозни проблеми. Ова би можело да има лоша завршница од причина што е препуштен сам на себе.

б) Внимателно подготвување и по можност пешачење во друштво. Со себе го земаме и мобилниот телефон за евентуални итни повици (со тоа што треба да сме свесни дека планинските подрачја не секогаш се целосно покриени со мобилна мрежа па можни се проблеми поради слаб прием).

в) Не можеме да се осигураме себеси од преголем напор. Приватното осигурување во случај на несреќи би можело да ги покрие трошоците за спасување, ако е неопходно.

г) Не.

**5.3**
Елфриде, 70



Елфриде е алергична на убод од оса. Таа сака да бере малини во шумата со нејзините внуци.

а) Би можела да биде касната од оси што ќе предизвика алергиски реакции кои можат да доведат и до смрт ако работите тргнат наопаку.

б) Да не се оди на места каде што има оси. Секогаш со себе да носиме лекови за прва помош со цел итно спротивставување на каснувањето од оса.

в) Не.

г) Не (последиците од каснувањето се покриени со задолжителното социјално осигурување).

**5.4**
Тијана, 63

Тијана оди на 14-дневно патување со автобус во Италија. Во меѓувреме нејзината сосетка се грижи за нејзиното куче. Кога Тијана се враќа, го наоѓа станот е уништен од кучето.



а) Кучето се наоѓа во непозната средина и најверојатно тоа е причината за таа случка.
б) Најверојатно не е така. Би можеле кучето да сместиме во посебно престојувалиште за кучиња или сл. но ваквото решение е многу скапо (сепак, кучето таму ќе добива стручна нега).
в) Можете да се осигурате од овој ризик со задолжително осигурување од одговорност кај куче.
г) Во некои провинции во Австрија ваквото осигурување од одговорност кај куче е задолжително.

**5.5**
Никола, 64

Никола купува нов автомобил и го паркира во споредна улица. Вечерта почнува силна бура со град. Во тој момент Никола е на еднонеделен одмор во Шпанија.



а) Возилото би можело да биде оштетено од град и да има многу вдлабнатини.
б) Паркирање во гаража – ако возилото е на отворено секогаш постои опасност од штета од град
в) Да, сеопфатното осигурување ја покрива и штетата предизвикана од град
г) Не.

**5.6**
Хермајни, 72

Хермајни ја посетуваат два нејзини внуци. Додека си играат тие кршат скапа вазна.



а) Можеби Хермине е лута на своите внучиња. Кога децата си играат речиси неизбежно е нешто да скршат.
б) Вредните нешта да се тргнат настрана
в) Не. Со оглед на тоа дека се работи за роднини, осигурувањето не ја покрива оваа штета (одредба за роднини).
г) Не.



**5.7**
Џулиус, 63

Џулиус навистина се грижи за својата куќа и за себе. Само машината за перење алишта му прави проблеми. Одеднаш ходникот се поплавува. Машината за перење алишта протекува.



а) Запечатените делови почнале да пропуштаат и водата истекува.
б) Да не им дозволуваме на машините за перење да фатат бигор и секогаш да ги ставаме во просторија во која водата која истекува не може да предизвика никакви штети.
в) Да, со осигурување на домаќинство.
г) Не.

**5.8**
Андреа, 62

Андреа и нејзините пријателки се во ресторан со многу гости. Таа ја остава нејзината чанта под масата.



а) Постои ризик од кражба затоа што не се грижи доволно за својата ташна.
б) Ташната да се остави на место од кое не може лесно да се украде. Сите вредни работи да ги носиме со себе.
в) Не. Осигурувањето на домаќинство не опфаќа кражби.
г) Не.

**5.9**
Алфред, 68

Алфред има убава куќа на прометна улица и ја мрази зимата. Претходно врнело и одеднаш станува многу студено. Нему не му се излегува надвор.



а) Би можело да дојде до појава на црн мраз и некој би можел да паден и да се повреди.
б) Навремено прскање со крупен песок со цел никој да не се лизне.
в) Да (осигурувањето на домаќинство не ја покрива штетата ако не сте испрскале со крупен песок).
г) Не.



**5.10**
Клаудија, 61

Клаудија повлекува 500 евра од нејзината жиро-сметка за да може да купи подароци за нејзините внуци. На пат кон дома, ја следат две непознати лица.



а) Носењето големи износи на готови пари може да привлече крадци.
б) Секогаш со себе се носат што е можно помалку пари. Да не се шетаме наоколу сами со големи суми на пари.
в) Да, осигурувањето на домаќинство покрива некои од штетите предизвикани од крадци.
г) Не.

**5.11**
Алфонс, 65

Алфонс вози по прометна улица една зимска ноќ. Истата води од зимското одморалиште до автопатот. Одеднаш се слуша удар и тој забележува пукнатина на ветробранското стакло.



а) Другите возила можат да „фрлат" ситни камчиња кои би ја оштетиле шофершајбната
б) Возење на безбедно растојание (но ова може да биде само делумна заштита поради тоа што камчиња можат да „фрлаат" и другите возила во сообраќајот).
в) Да. Оваа штета се покрива со каско осигурување.
г) Не.

**5.12**
Франц, 61

Франц е сосопственик на компанија која управува со ски-лифтови и тој навистина сака да купи дополнителни топови за снег со цел ски-лифтовите да работат подолг временски период.



а) Голема потрошувачка на вода и ефекти врз еколошкиот систем
б) Да не се прави вештачки снег за ски патеките.
в) Не.
г) Не.